А.Д. Б., спротивно на доставената понуда и склучениот договор доставил 10 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 2.844.829,00 денари, кои ја надминале вредноста на договорот за износ од 1.514.864,00 денари, иако вредноста на договорот била 1.329.965,00 денари, па обвинетиот Ѓ.Т. и покрај тоа што ги знаел условите од договорот, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а таквите неосновано прифатени обврски во форма на извештај на месечно ниво ги доставил до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека сите овие обврски се неосновани и надвор од вредноста на договорот, прифатиле да ги исплатат, па обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со директорот на училиштето и генералниот директор на превозникот, склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 13.02.2014 година на износ од 28.068,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите средства на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налог за исплата и општината ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице "П.С. - Т." А.Д. Б., прибавиле имотна корист во износ од 1.514.864,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како носител на групна Јавна набавка и обвинетиот Ѓ.Т. директор на училиште, во име на училиштето, како корисник на услугите, склучиле договор за превоз на ученици со овластено лице на превозникот ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ, како вршител на услуги, заведен во општина Б. со број ... од 02.10.2009 година, по што превозникот ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ, спротивно на доставената понуда и склучениот договор доставил 6 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 510.550,00 денари, кои ја надминале вредноста на договорот за износ од 295.977,00 денари, иако вредноста на договорот била 214.573,00 денари, па обвинетиот Ѓ.Т. и покрај тоа што ги знаел условите од договорот, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а таквите неосновано прифатени обврски во форма на извештај на месечно ниво ги доставил до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека сите овие обврски се неосновани и надвор од вредноста на договорот, прифатиле да ги исплатат, па обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со директорот на училиштето и управителот на превозникот, склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од 21.01.2013 година на износ од 157.917,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 86.421,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите средства на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налог за исплата и општината ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ, прибавиле имотна корист во износ од 295.977,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како носител на групна Јавна набавка и обвинетиот Ѓ.Т. директор на училиште, во име на училиштето, како корисник на услугите, склучиле договор за превоз на ученици со овластено лице на превозникот ДПП "Б.-Т." ДООЕЛ Б., како вршител на услуги, заведен во општина Б. со број ... од 02.10.2009 година, по што превозникот ДПП "Б.-Т." ДООЕЛ Б., спротивно на доставената понуда и склучениот договор доставил 10 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 906.276,00 денари, кои ја надминале вредноста на договорот за износ од 353.231,00 денари, иако понудената цена за истиот период е

553.045,00 денари, па обвинетиот Ѓ.Т. и покрај тоа што ги знаел условите од договорот, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а таквите неосновано прифатени обврски во форма на извештај на месечно ниво ги доставил до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека сите овие обврски се неосновани и надвор од вредноста на договорот, прифатиле да ги исплатат, па обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот Ѓ.Т. и управителот на превозникот, склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од 24.04.2012 година на износ од 198.634,00 денари, а биле скучени и цесии од 21.01.2013 година на износ од 381.186,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 102.249,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите средства на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налог за исплата и општината ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДПП "Б.-Т." ДООЕЛ Б. прибавиле имотна корист во износ од 353.231,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како носител на групна Јавна набавка и обвинетиот З.К. директор на училиште, во име на училиштето, како корисник на услугите, склучиле договор за превоз на ученици со овластено лице на превозникот ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ, како вршител на услуги, заведен во општина Б. со број ... од 24.09.2009 година, по што превозникот ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ, спротивно на доставената понуда и склучениот договор доставил 10 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 905.162,00 денари, кои ја надминале вредноста на договорот за износ од 783.530,00 денари, иако вредноста на договорот била 121.632,00 денари, па обвинетиот З.К. и покрај тоа што ги знаел условите од договорот, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а таквите неосновано прифатени обврски во форма на извештај на месечно ниво ги доставил до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека сите овие обврски се неосновани и надвор од вредноста на договорот, прифатиле да ги исплатат, па обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот З.К. и управителот на превозникот, склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од од 21.01.2013 година на износ од 40.536,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 9.396,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите средства на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налог за исплата и општината ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ прибавиле, имотна корист во износ од 783.530,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како носител на групна Јавна набавка и обвинетиот З.К. директор на училиште, во име на училиштето, како корисник на услугите, склучиле договор за превоз на ученици со овластено лице на превозникот ДПП "Б.-Т." ДООЕЛ Б., како вршител на услуги, заведен во општина Б. со број ... од 24.09.2009 година, по што превозникот ДПП "Б.-Т." ДООЕЛ Б., спротивно на доставената понуда и склучениот договор доставил 10 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 387.933,00 денари, кои ја надминале вредноста на договорот за износ од 349.503,00 денари, иако вредноста на договорот била 38.430,00 денари, па обвинетиот З.К. и покрај тоа што ги знаел условите од договорот, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на

училиштето и во значителен дел ги исплатил, а таквите неосновано прифатени обврски во форма на извештај на месечно ниво ги доставил до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека сите овие обврски се неосновани и надвор од вредноста на договорот, прифатиле да ги исплатат, па обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот З.К. и управителот на превозникот, склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од од 17.04.2012 година година на износ од 1.377,00 денари, од 14.02.2014 година година на износ од 7.740,00 денари и од 21.01.2013 година на износ од 22.458,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите средства на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налог за исплата и општината ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДПП "Б.-Т." ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 349.503,00 денари, и

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како носител на групна Јавна набавка и обвинетиот З.К. директор на ДСУ "К. Ш." - Б.Р.М., во име на училиштето, како корисник на услугите, склучиле договор за превоз на ученици со овластено лице на превозникот "П.С. - Т." А.Д. Б., како вршител на услуги, заведен во општина Б. со број ... од 24.09.2009 година, по што превозникот "П.С. - Т." А.Д. Б., спротивно на доставената понуда и склучениот договор доставил 10 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 1.140.379,00 денари, кои ја надминале вредноста на договорот за износ од 666.451,00 денари, иако вредноста на договорот била 473.928,00 денари, па обвинетиот З.К. и покрај тоа што ги знаел условите од договорот, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а таквите неосновано прифатени обврски во форма на извештај на месечно ниво ги доставил до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека сите овие обврски се неосновани и надвор од вредноста на договорот, прифатиле да ги исплатат, па обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот З.К. и генералниот директор на превозникот, склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од од 17.04.2012 година на износ од 13.053,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите средства на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налог за исплата и општината ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице "П.С. - Т." А.Д. Б., прибавиле имотна корист во износ од 666.451,00 денари.

2. Во временскиот период од месец септември 2009 година па се до крајот на 2014 година во Б.Р.М., обвинетиот В.Т. како службено лице градоначалник на општина Б., обвинетиот С.Б. како службено лице - раководител на Одделение, заедно со обвинетите И.Б., како службено лице директор на училиште, Љ.С., како службено лице директор на училиште и Ј.А., како службено лице директор училиште, за кого е запрена истражната постапка поради смрт, како соизвршители со умисла извршиле повеќе временски поврзани дејствија што претставуваат повеќекратно остварување на исто дело, искористувајќи ист траен однос и исти прилики, искористувајќи ја својата службена положба и овластувања при вршење на јавни набавки, во постапката за групна јавна набавка за организиран превоз на ученици за основните општински училишта во Б.Р.М., започната спротивно на чл.24 од Законот за јавните набавки, а врз основа на одлука за јавна набавка

бр... од 12.01.2009 година донесена од градоначалникот на општина Б.- обвинетиот В.Т., во која спротивно на чл.28 од Законот за јавните набавки не го утврдил износот на средства потребни за реализација на договорот, а во која за најповолни економски оператори ги избрал превозниците: “П.С. - Т.” А.Д. Б. за ООУ „Д.Г.“ - Б., за ООУ “К. и М.“-Б., за ООУ “Г. Д.“ – Б. и за ООУ „К. П. М.в“ - Б., ДПТШТУ “Џ.-Т.“ ДООЕЛ за ООУ “Е. К.“ - Б., ДСТ “Џ.Т.“ ДООЕЛ Б., за ООУ “Т. П.“ – Б., ДПТУ “Л.Т.” ДООЕЛ Б., подоцна преименуван во ДПТУ “Л.Е.“ ДООЕЛ Б. за ООУ “К. К.“ - Б. и ДУПТ “Х.П.“ Н. ДООЕЛ Б. за ООУ “А. Т.“ –с.К., Б., по што обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б., како носител на групната јавна набавка и обвинетите директори во име на училиштата, како корисници на услугите, со овластените лица на превозниците, како вршители на услугите, склучиле договори за превоз на ученици во кои вредноста на договорите била определена согласно спецификациите и понудите, воедно во чл.4 ст.1 од договорите било предвидено да се формираат трочлени комисии кои ќе го следат исполнувањето на обврските од договорите, меѓутоа обвинетите В.Т. и С.Б. не ги формирале таквите комисии, па при реализација на јавната набавка, обвинетите директори на училиштата примале фактури кои ги доставиле превозниците, а кои ја надминале вредноста на договорот за јавна набавка и иако ги знаеле условите од договорите, сепак ги прифатиле таквите фактури, ги прокнижиле како обврска на училиштата, а таквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувале до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека таквите обврски се неосновани и над вредноста на договорите, прифатиле да ги исплатат, па обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со директорите на училиштата и овластените лица на превозниците склучиле договори за отстапување на побарувања-цесии, со кои општината ја презела обврската на училиштата за исплата на неоснованите обврски спрема превозниците, а потоа обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општината ги исплатила средствата на превозниците, а во книговодството таквите средства ги евидентирале како дадени позајмици на училиштата, иако во Буџетот на општината не се предвидени средства за таква намена, ниту пак во одлуките за извршување на Буџетот на општина Б. е предвидена можност за давање позајмици, со што на превозниците им овозможиле да прибават имотна корист и тоа: за “П.С. - Т.” А.Д. Б. во износ од 443.420,00 денари и за ДПТШТУ “Џ.-Т.“ ДООЕЛ во износ од 300.050,00 денари, или вкупна имотна корист во износ од 743.470,00 денари, која е разлика помеѓу вредноста на договорите за јавна набавка и износите исплатени на превозниците, па така:

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како носител на групна Јавна набавка и починатиот Ј.А. директор на училиште, во име на училиштето, како корисник на услугите, склучиле договор за превоз на ученици со овластено лице на превозникот “П.С. - Т.” А.Д. Б., како вршител на услуги, заведен во општина Б. со број ... од 10.09.2009 година, по што превозникот “П.С. - Т.” А.Д. Б., спротивно на доставената понуда и склучениот договор доставил 13 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 1.863.300,00 денари, кои ја надминале вредноста на договорот за износ од 387.420,00 денари, иако вредноста на договорот била 1.475.880,00 денари, па починатиот Ј.А. и покрај тоа што ги знаел условите од договорот, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а таквите неосновано прифатени обврски

во форма на извештај на месечно ниво ги доставувал до општина Б., а обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека сите овие обврски се неосновани и надвор од вредноста на договорот, се согласиле да бидат исплатени, со што за правното лице "П.С. - Т." А.Д. Б., прибавиле имотна корист во износ од 387.420,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како носител на групна Јавна набавка и обвинетиот И.Б. директор на училиште, во име на училиштето, како корисник на услугите, склучиле договор за превоз на ученици со овластено лице на превозникот ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ, како вршител на услуги, заведен во општина Б. со број ... од 19.09.2009 година, по што превозникот ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ, спротивно на доставената понуда и склучениот договор доставил 10 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од од 855.199,00 денари, кои ја надминале вредноста на договорот за износ од 300.050,00 денари, без разликата која што произлегува од фактурата бр... од 30.09.2009 година, иако вредноста на договорот била 467.500,00 денари, па обвинетиот И.Б. и покрај тоа што ги знаел условите од договорот, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а таквите неосновано прифатени обврски во форма на извештај на месечно ниво ги доставил до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека сите овие обврски се неосновани и надвор од вредноста на договорот, прифатиле да ги исплатат, па обвинетиот С.Б. по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот И.Б. и управителот на превозникот, склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 21.01.2013 година на износ од 208.822,00 денари, а била склучена и цесија од 09.12.2014 година на износ од 36.081,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите средства на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налог за исплата и општината ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ, прибавиле имотна корист во износ од 300.050,00 денари, и

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како носител на групна Јавна набавка и обвинетиот Љ.С. директор на училиште, во име на училиштето, како корисник на услугите, склучиле договор за превоз на ученици со овластено лице на превозникот "П.С. - Т." А.Д. Б., како вршител на услуги, заведен во општина Б. со број ... од 10.09.2009 година, по што превозникот "П.С. - Т." А.Д. Б., спротивно на доставената понуда и склучениот договор доставил 12 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 3.994.046,00 денари, кои ја надминале вредноста на договорот за износ од 56.000,00 денари, без разликата која што произлегува од фактурата бр... од 30.09.2009 година, па обвинетиот Љ.С. и покрај тоа што ги знаел условите од договорот, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и ги исплатил, а таквите неосновано прифатени обврски во форма на извештај на месечно ниво ги доставил до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека сите овие обврски се неосновани и надвор од вредноста на договорот, се согласиле да бидат исплатени, со што за правното лице "П.С. - Т." А.Д. Б., прибавиле имотна корист во износ од 56.000,00 денари.

**3.** Во временскиот период од месец септември 2010 година па се до крајот на 2014 година во Б.Р.М., обвинетиот В.Т. како службено лице градоначалник

на општина Б., обвинетиот С.Б. како службено лице - раководител на Одделение, заедно со обвинетите Ѓ.Т., како службено лице директор на училиште, В.Д., како службено лице директор на училиште, З.К., како службено лице директор на училиште, Ј.Д.Н., како службено лице директор на училиште, А.А., како службено лице директор на училиште и К.П., како службено лице директор на училиште, како соизвршители со умисла извршиле повеќе временски поврзани дејствија што претставуваат повеќекратно остварување на исто дело, искористувајќи ист траен однос и исти прилики, искористувајќи ја својата службена положба и овластувања при вршење на јавни набавки, во постапката за групна јавна набавка за организиран превоз на ученици за основните и средните општински училишта во Б., започната спротивно на чл.24 од Законот за јавните набавки, а врз основа на одлука за јавна набавка бр... од 12.10.2010 година донесена од градоначалникот на општина Б.-обвинетиот В.Т., а во која за најповолни економски оператори ги избрал превозниците: ДТТУ "М.Т." ДООЕЛ Б. за линиите број 1, 5, 6 и 17, ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ за линиите 13,14,15 и 16, "П.С. - Т." А.Д. Б. за линиите број 2, 9, 10 и 12, ДТТ "Г.Т." Ј. ДООЕЛ Б. за линиите број 3 и 8, ДПТУ "Л.Е." ДООЕЛ Б. за линија број 4 и ДПП "Б.-Т." ДООЕЛ Б. за линии 7 и 11, по што обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б., како носител на групната јавна набавка и обвинетите директори во име на училиштата, како корисници на услугите, со обвинетите овластени лица на превозниците, како вршители на услугите, склучиле договори за превоз на ученици во кои вредноста на договорите била определена согласно спецификациите и понудите, воедно во член 7 став 1 од договорите било предвидено да се формираат трочлени комисии кои ќе го следат исполнувањето на обврските од договорите, меѓутоа обвинетите В.Т. и С.Б. не ги формирале таквите комисии, исто така обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б., како давател на дозвола и обвинетите директори во име на училиштата како корисници на услугите, со обвинетите овластени лица на превозниците склучиле и договори за превоз на ученици со носители на општинскиот линиски превоз, иако таквиот начин на превоз е во спротивност со чл.43 од Законот за превоз во патниот сообраќај и за истиот не била спроведена јавна набавка, со што оневозможиле конкурентност помеѓу превозниците во понудените цени, а со некои од училиштата и воопшто не склучиле договори за превоз на ученици, па при реализација на јавната набавка и реализацијата на договорите без јавна набавка, обвинетите Ј.Ј. како одговорно лице управител на ДПП "Б.-Т." ДООЕЛ Б., М.М.Ч. како одговорно лице, генерален директор на "П.С. - Т." А.Д. Б., Џ.М., како одговорно лице управител на ДСТ "Џ.Т." ДООЕЛ Б., Д.Г., како одговорно лице управител на ДПУПТ "Д.А. – Х.Т." ДООЕЛ Б., А.С., како одговорно лице управител на ДПТУ "Л.Е." ДООЕЛ Б., С.М. како одговорно лице управител на ДСТУ "Х.Т." ДООЕЛ Б., Р.Ј., како одговорно лице управител на ДТУСТ "Т.П." ДОО Б., О.С., како одговорно лице управител на ДПТУ "М.Т." ДООЕЛ Б., Н.Д., како одговорно лице управител на ДУПТ "Х.–П." Н. ДООЕЛ Б., А.Ш., како одговорно лице управител на ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ и Ј.И., како одговорно лице управител на ДТТ "Г.Т." Ј. ДООЕЛ Б., со умисла, со ставање средства на располагање, им помогнале во извршување на кривичното дело, при што доставувале фактури кои ја надминале вредноста на договорите за јавната набавка и доставувале фактури за превоз на ученици за кои не била спроведена постапка за јавна набавка, обвинетите директори на училиштата ваквите фактури ги примиле, па иако ги знаеле условите од договорите, а знаеле и дека за

некои од нив не е спроведена постапка за групна јавна набавка, сепак ги прифатиле таквите фактури, ги прокнижиле како обврска на училиштата и дел ги исплаќале, а таквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувале до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека таквите обврски се неосновани и над вредноста на договорите, прифатиле да ги исплатат, па обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со директорите на училиштата и овластените лица на превозниците, склучиле договори за отстапување на побарувања-цесии, со кои општината ја презела обврската на училиштата за исплата на неоснованите обврски спрема превозниците, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општината ги исплатила средствата на превозниците, со што на превозниците, на кои дел од обвинетите се овластени лица, им овозможиле да прибаваат имотна корист и тоа: за ДПП "Б.-Т." ДООЕЛ Б. во износ од 1.524.395,00 денари, за ДТТ "Г.Т." Ј. ДООЕЛ Б. во износ од 74.934,00 денари, за ДПУПТ "Д.А. – Х.Т." ДООЕЛ Б. во износ од 857.673,00 денари, за ДПТУ "Л.Е." ДООЕЛ Б. во износ од 2.832.906,00 денари, за ДПТУ "М.Т." ДООЕЛ Б. во износ од 1.537.774,00 денари, за ДТУСТ „Т.П." ДОО Б. во износ од 628.939,00 денари, за ДУПТ "Х.-П." Н. ДООЕЛ Б. во износ од 607.075.00 денари, за ДСТУ "Х.Т." ДООЕЛ Б. во износ од 3.242.614,00 денари, за ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ во износ од 2.970.083,00 денари и за ДСТ "Џ.Т." ДООЕЛ Б. во износ од 1.477.562,00 денари, или вкупна имотна корист во износ од 15.753.955,00 денари, која е разлика помеѓу вредноста на договорите за јавна набавка и износите исплатени на превозниците, која произлегува од износите на фактурите доставени по извршен превоз како носители на општинскиот линиски превоз, а за некои од превозниците прибавиле и корист изразена во можноста да вршат превоз на ученици без спроведена постапка за јавна набавка и без склучен договор и да наплатат за истиот, па така:

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како носител на групна јавна набавка заедно со обвинетиот Ѓ.Т.-директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетата Ј.Ј., управител на превозникот ДПП "Б.-Т." ДООЕЛ Б., како вршител на услугите, по спроведена групна јавна набавка склучиле договор, заведен во општина Б. со број ... од 10.01.2011 година, а исто така без спроведена постапка за јавна набавка склучиле договор заведен во општина Б. под бр... од 29.11.2010 година за превоз на ученици со линија број 12 од општинскиот линиски превоз, со што за превозникот прибавиле корист изразена во можноста да врши превоз на ученици без спроведена јавна набавка и да наплати за истиот, а обвинетата Ј.Ј. со умисла им помогнала во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што, иако знаела дека при реализација на договорот по групната јавна набавка бр... од 10.01.2011 година е надмината вредноста на договорот и дека не е спроведена постапка за јавна набавка со линијата број 12, до обвинетиот Ѓ.Т. доставила 6 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 525.211,00 денари, а обвинетиот Ѓ.Т., иако ги знаел условите од договорот по јавна набавка и дека со доставените фактури се надминува вредноста на договорот по јавна набавка, а знаел и дека за линијата број 12 не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици, ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво, ги доставувал до општина

Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т., заедно со обвинетиот Ѓ.Т. и со обвинетиот управител на превозникот Ј.Ј., склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од 24.04.2012 година на износ од 198.634,00 денари, а биле склучени и цесии од 21.01.2013 година на износ од 381.186,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 102.249,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на таквите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на правното лице ДПП "Б.-Т." ДООЕЛ Б.,

- откако обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како носител на групна јавна набавка заедно со обвинетиот Ѓ.Т. - директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетата М.М.Ч., генерален директор на превозникот "П.С. - Т." А.Д. Б., како вршител на услугите, по спроведена постапка за групна јавна набавка склучиле договор заведен во општина Б. со број ... од 02.10.2009 година за превоз на ученици за линиите број 2 и 4, за превозникот прибавиле корист изразена во можноста да врши превоз на ученици без склучен Анекс договор и да наплати за истиот, на начин што обвинетата М.М.Ч. иако знаела дека договорот број ... од 02.10.2009 година е со важност до завршување на учебната 2009-2010 година, односно до месец јуни 2010 година, во име на превозникот со умисла му помогнала на обвинетиот Ѓ.Т. директор на училиште во извршувањето на кривичното дело, ставајќи му средства на располагање, па така преку сведокот М.С. му доставила 4 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 1.430.000,00 денари, а обвинетиот Ѓ.Т., иако знаел дека важноста на договорот истекува со завршување на учебната 2009-2010 година, сепак ги прифатил фактурите, ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а таквата неосновано прифатена обврска во форма на извештај на месечно ниво ја доставил до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека оваа обврска е неоснована, прифатиле да ја исплатат, па обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со директорот на училиштето и генералниот директор на превозникот, склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 13.02.2014 година на износ од 28.068,00 денари со која општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на таквите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на правното лице "П.С. - Т." А.Д. Б.,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот Ѓ.Т., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот Џ.М., управител на превозникот ДСТ "Џ.Т." ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 29.11.2010 година, па иако обвинетиот Џ.М. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линија број 7 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот Ѓ.Т. доставила 8 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 80.642,00 денари, па обвинетиот Ѓ.Т. и покрај тоа што знаел дека превозникот ДСТ "Џ.Т." ДООЕЛ Б. не

учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линијата број 7, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со директорот на училиштето и со обвинетиот управител на превозникот Џ.М., склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија 21.01.2013 година на износ од 25.992,00 денари и од 14.02.2014 година на износ од 21.974,00 со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДСТ "Џ.Т." ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 80.642,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот Ѓ.Т., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот Р.Ј., управител на превозникот ДТУСТ "Т.П." ДОО Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 29.11.2010 година, па иако обвинетиот Р.Ј. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 4 и 11 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот Ѓ.Т. доставил 9 фактури и тоа: фактура бр… од … година на износ од … денари, или во вкупен износ од 193.633,00 денари, па обвинетиот Ѓ.Т. и покрај тоа што знаел дека превозникот ДТУСТ "Т.П." ДОО Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 4 и 11, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето Ѓ.Т. и со обвинетиот управител на превозникот Р.Ј., склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година на износ од 5.308,00 денари, а биле склучени и цесии од 21.01.2013 година на износ од 50.184,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 46.281,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДТУСТ "Т.П." ДОО Б., прибавиле имотна корист во износ од 193.633,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот Ѓ.Т., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетата О.С., управител на превозникот ДПТУ "М.Т." ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 29.11.2010 година, па иако обвинетата О.С. знаела дека не учествувала во

спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнала во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаела дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линија број 6 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот Ѓ.Т. доставила 9 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 228.218,00 денари, па обвинетиот Ѓ.Т. и покрај тоа што знаел дека превозникот ДПТУ “М.Т.“ ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линијата број 6, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со директорот на училиштето и со обвинетиот управител на превозникот О.С., склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија 21.01.2013 година на износ од 35.286,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 25.197,00 денари со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДПТУ “М.Т.“ ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 228.218,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот Ѓ.Т., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот С.М., управител на превозникот ДСТУ “Х.Т.“ ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 29.11.2010 година, па иако обвинетиот С.М. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 3 и 5, 5А и 10 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот Ѓ.Т. доставил 15 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 434.282,00 денари, па обвинетиот Ѓ.Т., и покрај тоа што знаел дека превозникот ДСТУ “Х.Т.“ ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 3 и 5 и 5А и 10 сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето Ѓ.Т. и со обвинетиот управител на превозникот С.М., склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година на износ од 129.513,00 денари, а биле склучени и цесии од 21.01.2013 година на износ од 183.744,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 40.088,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за

правното лице ДСТУ "Х.Т." ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 434.282,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот Ѓ.Т., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот Д.Г., управител на превозникот ДПУПТ "Д.А. – Х.Т." ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 29.11.2010 година, па иако обвинетиот Д.Г. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 1 и 8 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот Ѓ.Т. доставил 9 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 119.422,00 денари, па обвинетиот Ѓ.Т., и покрај тоа што знаел дека превозникот ДПУПТ "Д.А. – Х.Т." ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 1 и 8, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето Ѓ.Т. и со обвинетиот управител на превозникот Д.Г., склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година на износ од 11.183,00 денари, а биле склучени и цесии од 21.01.2013 година на износ од 6.256,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 2.162,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДПУПТ "Д.А. – Х.Т." ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 119.422,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот Ѓ.Т., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетата Н.Д., управител на превозникот ДУПТ "Х.-П." Н. ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 29.11.2010 година, па иако обвинетата Н.Д. знаела дека не учествувала во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнала во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаела дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линија број 1 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот Ѓ.Т. доставила 9 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 70.050,00 денари, па обвинетиот Ѓ.Т., и покрај тоа што знаел дека превозникот ДУПТ "Х.-П." Н.ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линијата број 1, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани,

прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето Ѓ.Т. и со обвинетиот управител на превозникот Н.Д., склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година на износ од 15.354,00 денари, а биле склучени и цесии од 21.01.2013 година на износ од 2.996,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 4.877,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДУПТ “Х.-П.“ Н.ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 70.050,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот Ѓ.Т., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот А.С., управител на превозникот ДПТУ “Л.Е.“ ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ...од 29.11.2010 година, па иако обвинетиот А.С. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 4 и 9 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот Ѓ.Т. доставил 7 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 570.317,00 денари, па обвинетиот Ѓ.Т. и покрај тоа што знаел дека превозникот ДПТУ “Л.Е.“ ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 4 и 9, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето Ѓ.Т. и со обвинетиот управител на превозникот А.С., склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година на износ од 247.052,00 денари, а биле склучени и цесии од 21.01.2013 година на износ од 339.314,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 46.643,00 денари со кои општината ја презела дел од обврската на училиштето за исплата на таквите неосновани обврски и други на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДПТУ “Л.Е.“ ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 570.317,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како носител на групна јавна набавка заедно со обвинетиот Ѓ.Т.-директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот А.Ш., управител на ДПТШТУ “Џ.-Т.“ ДООЕЛ, како вршител на услугите, по спроведена групна јавна набавка без склучен договор, а исто така и без спроведена постапка за јавна набавка, склучиле договор заведен во општина Б. со бр... од 29.11.2010 за превоз на ученици за линии број 3 и 14 од општинскиот линиски превоз, со што за превозникот прибавиле корист изразена во можноста да врши превоз на ученици без спроведена јавна набавка и да наплати за истиот, па обвинетиот А.Ш. со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што, иако знаел дека не е склучен

договор по групната јавна набавка за превоз на ученици и дека не е спроведена постапка за јавна набавка за линиите број 3 и 14 до обвинетиот Ѓ.Т. доставил 9 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 536.212,00 денари, а обвинетиот Ѓ.Т., иако ги знаел условите од договорот по јавна набавка и дека со доставените фактури се надминува вредноста на договорот по јавна набавка, а знаел и дека за линиите број 3 и 14 не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици, ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво, ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т., заедно со директорот на училиштето и со обвинетиот управител на превозникот А.Ш., склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од 21.01.2013 година на износ од 157.917,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 86.421,00 денари со кои општината презема дел од обврската на училиштето за исплата на таквите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како носител на групна јавна набавка заедно со обвинетиот В.Д. - директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетата Ј.Ј., управител на превозникот ДПП "Б.-Т." ДООЕЛ Б., како вршител на услугите, по спроведена групна јавна набавка склучиле договор, заведен во општина Б. со број ... од 10.01.2011 година, а исто така без спроведена постапка за јавна набавка склучиле договор заведен во општина Б. со број ... од 20.12.2010 година за превоз на ученици за линија број 12 од општинскиот линиски превоз, со што за превозникот прибавиле корист изразена во можноста да врши превоз на ученици без спроведена јавна набавка и да наплати за истиот, па обвинетата Ј.Ј. со умисла им помогнала во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што, иако знаела дека при реализација на договорот по групната јавна набавка бр… од 10.01.2011 година е надмината вредноста на договорот и дека не е спроведена постапка за јавна набавка за линијата број 12, до обвинетиот В.Д. доставила 10 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 302.021,00 денари, а обвинетиот В.Д., иако ги знаел условите од договорот по јавна набавка и дека со доставените фактури се надминува вредноста на договорот по јавна набавка, а знаел и дека за линијата број 12 не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици, ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво, ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т., заедно со обвинетиот директор на училиштето В.Д. и со обвинетиот управител на превозникот Ј.Ј., склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година на износ од 81.857,00 денари, а биле склучени и цесии од 21.02.2013 година на износ 31.752,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 86.255,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на таквите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот ДПП "Б.-Т." ДООЕЛ Б.,

- откако обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како носител на групна јавна набавка заедно со обвинетиот В.Д. - директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетата М.М.Ч., генерален директор на превозникот “П.С. - Т.” А.Д. Б., како вршител на услугите, по спроведена постапка за групна јавна набавка склучиле договор заведен во општина Б. под број ... од 02.10.2009 година за превоз на ученици за линии број 2 и 4, за превозникот прибавиле корист изразена во можноста да врши превоз на ученици без склучен Анекс договор и да наплати за истиот, на начин што обвинетата М.М.Ч. иако знаела дека договорот број ... од 02.10.2009 година е со важност до завршување на учебната 2009-2010 година, односно до месец јуни 2010 година, во име на превозникот со умисла му помогнала на обвинетиот В.Д. директор на училиште во извршувањето на кривичното дело, ставајќи му средства на располагање, па така преку сведокот М.С. му доставила 3 фактури и тоа: бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 1.048.640,00 денари, а обвинетиот В.Д., иако знаел дека важноста на договорот истекува со завршување на учебната 2009-2010 година, сепак ги прифатил фактурите, ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а таквата неосновано прифатена обврска во форма на извештај на месечно ниво ја доставил до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека оваа обврска е неоснована, прифатиле да ја исплатат, па обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со директорот на училиштето и генералниот директор на превозникот, склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од 21.01.2013 година на износ од 15.034,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 6.119,00 денари со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на таквите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот “П.С. - Т.” А.Д. Б.,

- откако обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како носител на групна јавна набавка заедно со обвинетиот В.Д. - директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетата М.М.Ч., генерален директор на превозникот “П.С. - Т.” А.Д. Б., како вршител на услугите, по спроведена постапка за групна јавна набавка склучиле договор заведен во општина Б. под бр... од 16.12.2009 година за меѓуопштински превоз на ученици за линии број 7, 8 и 9, за превозникот прибавиле корист изразена во можноста да врши превоз на ученици без склучен Анекс договор и да наплати за истиот, на начин што обвинетата М.М.Ч. иако знаела дека договорот број ... од 16.12.2009 година е со важност до 30.09.2010 година, во име на превозникот со умисла му помогнала на обвинетиот В.Д. директор на училиште во извршувањето на кривичното дело, ставајќи му средства на располагање, па така преку сведокот М.С. му доставила 2 фактури и тоа: фактура бр… од … година на износ од …, или во вкупен износ од 242.760,00 денари, а обвинетиот В.Д., иако знаел дека важноста на договорот истекува на 30.09.2010 година, сепак ги прифатил фактурите,ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а таквата неосновано прифатена обврска во форма на извештај на месечно ниво ја доставил до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека оваа обврска е неоснована, прифатиле да ја исплатат, па обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со директорот на училиштето и генералниот директор на превозникот, склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од 21.01.2013 година на износ од 15.034,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 6.119,00 денари, со кои општината презела

дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите средства на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот "П.С. - Т." А.Д. Б.,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот В.Д., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот Д.Г., управител на превозникот ДСТУ "Х.Т." ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 20.12.2010 година, па иако обвинетиот Д.Г. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линии број 3 и 5А, и 5 и 10 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот В.Д. доставил 10 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 162.026,00 денари, па обвинетиот В.Д., и покрај тоа што знаел дека превозникот ДСТУ "Х.Т." ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 3 и 5А, и 5 и 10, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето В.Д. и со обвинетиот управител на обвинетиот Д.Г., склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година на износ од 34.813,00 денари, а биле скучени и цесии од 21.01.2013 година на износ од 34.670,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 3.516,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДСТУ "Х.Т." ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 162.026,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот В.Д., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот А.Ш., управител на превозникот ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ, како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 20.12.2010 година, па иако обвинетиот А.Ш. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линии број 3 и 14 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот В.Д. доставил 10 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 272.786,00 денари, па обвинетиот В.Д. и покрај тоа што знаел дека превозникот ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 3 и 14, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до

општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со директорот на училиштето и со обвинетиот управител на обвинетиот А.Ш., склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од 21.01.2013 година на износ од 51.586,00 денари и од 13.02.2014 година на износ 11.798,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ, прибавиле имотна корист во износ од 272.786,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот В.Д., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот Р.Ј., управител на превозникот ДТУСТ "Т.П." ДОО Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 20.12.2010 година, па иако обвинетиот Р.Ј. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линии број 4 и 11 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот В.Д. доставил 9 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 33.570,00 денари, па обвинетиот В.Д., и покрај тоа што знаел дека превозникот ДТУСТ "Т.П." ДОО Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 4 и 11, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето В.Д. и со обвинетиот управител на обвинетиот Р.Ј., склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година на износ од 14.122,00 денари, а била склучена и цесија од 21.01.2013 година на износ од 11.653,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДТУСТ "Т.П." ДОО Б., прибавиле имотна корист во износ од 33.570,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот В.Д., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетата О.С., управител на превозникот ДПТУ "М.Т." ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 20.12.2010 година, па иако обвинетата О.С. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнала во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаела дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линија број 6 од општинскиот линиски превоз, до

обвинетиот В.Д. доставила 9 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 122.098,00 денари, па обвинетиот В.Д. и покрај тоа што знаел дека превозникот ДПТУ “М.Т.“ ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линијата број 6, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето В.Д. и со обвинетиот управител на обвинетата О.С., склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година на износ од 21.661,00 денари, а биле склучени и цесии од 21.01.2013 година на износ од 35.878,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 4.884,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДПТУ “М.Т.“ ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 122.098,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот В.Д., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот Џ.М., управител на превозникот ДСТ “Џ.Т.“ ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 20.12.2010 година, па иако обвинетиот Џ.М. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линија број 7 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот В.Д. доставил 9 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 75.331,00 денари, па обвинетиот В.Д. и покрај тоа што знаел дека превозникот ДСТ “Џ.Т.“ ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линијата број 7, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со директорот на училиштето и со обвинетиот управител на обвинетиот Џ.М., склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од 21.01.2013 година на износ од 20.152,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 1.833,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДСТ “Џ.Т.“ ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 75.331,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот В.Д., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетата Н.Д., управител на превозникот ДУПТ “Х.-П.“ Н. ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со

истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 20.12.2010 година, па иако обвинетата Н.Д. знаела дека не учествувала во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнала во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаела дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линија број 1 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот В.Д. доставила 9 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 122.480,00 денари, па обвинетиот В.Д., и покрај тоа што знаел дека превозникот ДУПТ "Х.-П." Н. ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линијата број 1, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето В.Д. и со обвинетиот управител на обвинетата Н.Д., склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година на износ од 30.902,00 денари, а биле склучени и цесии од 21.01.2013 година на износ од 23.388,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 2.395,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДУПТ "Х.-П." Н.ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 122.480,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот В.Д., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот Д.Г., управител на превозникот ДПУПТ "Д.А. – Х.Т." ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 20.12.2010 година, па иако обвинетиот Д.Г. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линии број 1 и 8 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот В.Д. доставил 9 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 133.410,00 денари, па обвинетиот В.Д. и покрај тоа што знаел дека превозникот ДПУПТ "Д.А. – Х.Т." ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 1 и 8, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето В.Д. и со обвинетиот управител Д.Г., склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година на износ од 19.110,00 денари, а биле склучени и цесии од 21.01.2013 година на износ 23.587,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 2.393,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за

исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДПУПТ "Д.А. – Х.Т." ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 133.410,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот В.Д., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот А.С., управител на превозникот ДПТУ "Л.Е." ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 20.12.2010 година, па иако обвинетиот А.С. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линии број 4 и 9 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот В.Д. доставил 9 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 346.367,00 денари, па обвинетиот В.Д., и покрај тоа што знаел дека превозникот ДПТУ "Л.Е." ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 4 и 9, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето В.Д. и со обвинетиот управител на превозникот А.С., склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година 150.632,00 денари, а биле склучени и цесии од 21.01.2013 година на износ од 99.859,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 11.367,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДПТУ "Л.Е." ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 346.367,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот З.К., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот А.Ш., управител на превозникот ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ, како давател на услуги, без склучен договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, па иако обвинетиот А.Ш. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линии број 3 и 14 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот З.К. доставил 10 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 689.945,00 денари, па обвинетиот З.К. и покрај тоа што знаел дека превозникот ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 3 и 14, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така

обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето З.К. и со обвинетиот управител на превозникот А.Ш., склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од 21.01.2013 година на износ од 40.536,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 9.396,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДПТШТУ "Џ.-Т." ДООЕЛ, прибавиле имотна корист во износ од 689.945,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот З.К., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот С.М., управител на превозникот ДСТУ "Х.Т." ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 15.12.2010 година, па иако обвинетиот С.М. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линии број 5 и 5А од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот З.К. доставил 9 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 18.711,00 денари, па обвинетиот З.К. и покрај тоа што знаел дека превозникот ДСТУ "Х.Т." ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 5 и 5А, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето З.К. и со обвинетиот управител на превозникот С.М., склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година на износ од 6.232,00 денари, од 21.01.2013 година на износ од 12.140,00 денари, 13.02.2014 година на износ од 3.818,00 денари, со кои општината ја презела обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски спрема превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДСТУ "Х.Т." ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 18.711,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот З.К., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот С.М., управител на превозникот ДСТУ "Х.Т." ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 15.12.2010 година, па иако обвинетиот С.М. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линија број 10 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот З.К. доставил 9 фактури и тоа: фактура бр... од ...година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 83.536,00 денари, па обвинетиот З.К. и

покрај тоа што знаел дека превозникот ДСТУ "Х.Т." ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линијата број 10, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето З.К. и со обвинетиот управител на превозникот С.М., склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година на износ од 6.232,00 денари, од 21.01.2013 година на износ од 12.140,00 денари, и од 13.02.2014 година на износ од 3.818,00 денари, со кои општината презема дел од обврската на училиштето за исплата на средства на превозникот со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДСТУ "Х.Т." ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 83.536,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот З.К., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетата Н.Д., управител на превозникот ДУПТ "Х.-П." Н.ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 15.12.2010 година, па иако обвинетата Н.Д. знаела дека не учествувала во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнала во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаела дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линија број 1 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот З.К. доставила 9 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 15.095,00 денари, па обвинетиот З.К. и покрај тоа што знаел дека превозникот ДУПТ "Х.-П." Н.ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линијата број 1, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето З.К. и со обвинетиот управител на превозникот Н.Д., склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 13.02.2014 година на износ 854.000,00 денари, со кои општината ја презела обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски и на други спрема превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДУПТ "Х.-П." Н.ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 15.095,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот З.К., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот Џ.М., управител на превозникот ДСТ "Џ.Т." ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од

15.12.2010 година, па иако обвинетиот Џ.М. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линија број 7 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот З.К. доставил 9 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 29.800,00 денари, па обвинетиот З.К. и покрај тоа што знаел дека превозникот ДСТ "Џ.Т.“ ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линијата број 7, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето З.К. и со обвинетиот управител на превозникот Џ.М., склучиле договор за отстапување на побарувања-цесија од 21.01.2013 година на износ од 3.427,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите обврски на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното лице ДСТ "Џ.Т.“ ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 29.800,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. како давател на дозвола, заедно со обвинетиот З.К., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетата О.С., управител на превозникот ДПТУ "М.Т.“ ДООЕЛ Б., како давател на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 15.12.2010 година, па иако обвинетата О.С. знаела дека не учествувала во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнала во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што иако знаела дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линија број 6 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот З.К. доставила 9 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 270.170,00 денари, па обвинетиот З.К. и покрај тоа што знаел дека превозникот ДПТУ "М.Т.“ ДООЕЛ Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линијата број 6, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и во значителен дел ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека овие обврски се неосновани, прифатиле да ги исплатат, па така обвинетиот С.Б., по претходна согласност од обвинетиот В.Т. заедно со обвинетиот директор на училиштето З.К. и со обвинетиот управител на превозникот О.С., склучиле договори за отстапување на побарувања-цесија од 17.04.2012 година на износ од 22.919,00 денари, од 21.01.2013 година на износ од 14.491,00 денари и од 13.02.2014 година на износ од 7.693,00 денари, со кои општината презела дел од обврската на училиштето за исплата на неоснованите средства на превозникот, по што обвинетиот В.Т. дал налози за исплата и општина Б. ги исплатила средствата на превозникот, со што за правното

лице ДПТУ "М.Т." ДООЕЛ Б., прибавиле имотна корист во износ од 270.170,00 денари,

- обвинетите В.Т. и С.Б. во име на општина Б. давател на дозвола, заедно со обвинетиот З.К., директор на училиште, како корисник на услугите и обвинетиот Р.Ј., управител на превозникот ДТУСТ "Т.П." ДОО Б., како давeтел на услуги, склучиле договор за општински линиски превоз за да со истиот се превезуваат и ученици, заведен во општина Б. со број ... од 15.12.2010 година, па иако обвинетиот Р.Ј. знаел дека не учествувал во спроведената постапка за групна јавна набавка за превоз на ученици на територијата на општина Б., во име на превозникот, со умисла им помогнал во извршувањето на кривичното дело со ставање средства на располагање на начин што, иако знаел дека не е спроведена постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линии број 4 и 11 од општинскиот линиски превоз, до обвинетиот З.К. доставил 8 фактури и тоа: фактура бр... од ... година на износ од ... денари, или во вкупен износ од 8.688,00 па обвинетиот З.К. и покрај тоа што знаел дека превозникот ДТУСТ "Т.П." ДОО Б. не учествувал во постапка за јавна набавка за превоз на ученици со линиите број 4 и 11, сепак ги прифатил таквите фактури, ги прокнижил како обврска на училиштето и ги исплатил, а ваквите неосновано прифатени обврски во форма на извештаи на месечно ниво ги доставувал до општина Б., па обвинетите В.Т. и С.Б., иако знаеле дека сите овие обврски се неосновани се согласиле да бидат исплатени, со што за правното лице ДТУСТ "Т.П." ДОО Б., прибавиле имотна корист во износ од 8.688,00 денари,

